*Без страв*

*Лурлин МекДениел*

## *За авторот*

Лурлин МекДениел почнала да пишува инспиративни новели за тинејџери кои се соочуваат со ситуации кои им ги променуваат целите животи кога нејзиниот син бил дијагностициран со детски дијабетес.

„Јас од прва рака видов како хроничната болест може да влијае на секој аспект од животот на една личност“, вели таа. „Сакам децата да знаат дека и покрај тоа што луѓето не можат да бираат што ќе им донесе животот, ти можат да бираат како ќе одговорат на тоа.“

Книгите на Лурлин МекДениел се тешки и реалистични, но тие исто така ги оставаат читателите со инспирација и надеж. Нејзините дела имаат добиено многу награди и пофалби од читатели, учители, родители и критичари.

Лурлин МекДаниел живее во Тенеси.

САКАМ КНИГИ

АКО И ТИ САКАШ КНИГИ...

**ИЗДАВАЧКА КУЌА САКАМ КНИГИ**

*www.sakamknigi.mk*

**На светот има толку многу книги, а толку малку време...**

Строго избрани одлични наслови за сите кои сакаат книги со уникатни приказни достојни за нивното време...

---

**Наслов на оригиналот**
Breathless
© 2009 Lurlene McDaniel

**Copyright © за македонското издание**
Издавачка куќа Сакам книги, 2014

**Превод** Ивана Николовска
**Стручна редакција** Милена Петковска
**Лектор** Марија Иванова

**Главен уредник** Ивана Николовска
**Интернет маркетинг менаџер** Деана Николовска
**Дизајн на корица** Диме Спасев
**Компјутерска обработка** Диме Спасев

---

*Сите права за книгата се задржани. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која било форма или на кој било начин во електронските или печатените медиуми, без писмена согласност од издавачот.*

# БЕЗ СТРАВ

*Лурлин МекДениел*

сакам книги

Ако и ти сакаш книги...

## *Сè уште не ме познавате, но ве молам прочитајте го ова пред да започнете.*

Повеќето луѓе мислат дека имаат јасна претстава за тоа што е исправно, а што е погрешно. Многумина велат дека знаат како би изреагирале или како би се справиле со екстремна ситуација. Но, да бидеме искрени, никој не знае. Не вистински. Дури и ако речете, „Јас никогаш не би го направил ова!“ тоа всушност може и да не биде вистина. Бидејќи никој од нас не знае, не со сигурност, што би направиле кога околностите би биле премногу тешки и комплицирани, до тој степен што не би знаеле да разликуваме добро од лошо. И тогаш тука се целосно непредвидените ситуации, кога животот ќе ви подели карти кои не сте ги очекувале или кога нешто погрешно преминува во нешто исправно и вашиот ум одлучува дека тоа што некогаш било правило може да биде и прекршено. Дури и ако вас никогаш не ви се случило нешто вакво, можам да се обложам дека многу добро разбирате за што ви зборувам.

Еве што ми се случи мене. Мислев дека имам стандарди. Верував во моите вредности. Барем во повеќето ситуации. Потоа престанав да верувам. Како што поминуваше времето, мојот свет стана сив и моите вредности се замрачија.

Доброто и лошото се претопија во она што знаев дека морам да го направам.

Ве молам не ме осудувајте додека не ја слушнете мојата приказна.

# *Купер*

Тревис Морисон ми стана пријател во трето одделение, откако двајца петтоодделенци ме претепаа во училишниот двор. Ми рекоа дека сум бил грд и чуден, ми ја зедоа ужинката и ме расплакаа. Тревис ја подели својата ужинка со мене и после часовите, кога неговата мајка го зеде, ме викна кај него дома да играме игри. После ова, секој ден одев кај него дома. Не дека на мајка ми ѝ беше гајле каде одам. Работеше две смени во фабриката за килими. Велеше дека ѝ е мило што за мене се грижи семејство со мајка која работи како медицинска сестра, бидејќи јас бев склон кон предизвикување неволји.

Семејството на Тревис е нормално, за разлика од моето, а тој има и сестра, Емили, која е две години помала од него. Јас мислам дека таа е убава и еднаш направив грешка, па го кажав тоа.

„Убава?“ Тревис направи гримаса. „Тебе да не ти е испржен мозокот случајно?“

Ми беше потребно време за да сфатам дека ја сака, но едноставно не го покажува тоа. Јас немам сестри, а Тревис е најблиското нешто до брат што некогаш ќе го имам.

Никогаш не сум изгледал како ниедно од другите деца во училиште. Татко ми бил некој хавајски тип кој нè оставил уште пред да се родам. Го имам видено на слика. Мајка ми има делумно корејско потекло, па признавам дека изгледам чудно по стандардите на

Јужна Алабама. Купер Кулани: чудак. Тоа сум јас.

Додека да стигнам до седмо одделение, јас веќе бев за цела глава повисок од сите други деца во моето одделение. Можев да го претепам кој било од нив и никој никогаш повеќе не ме тормозеше. Освен Емили. Сè што таа треба да направи е да погледне во мене и јас се топам. Иако никој никогаш нема забележано. Дури ни Тревис, кој знае како дишам.

Тревис сигурно бил роден без страв, со „генот за ризикување" за којшто зборува медицината. Не постои нешто што тој не би го направил или не би пробал да направи. Претпоставувам дека затоа стана толку добар нуркач. Не знае што е страв и му нема рамен во натпреварувањата. Може да добие спортска стипендија каде било во земјата. Јас се приклучив на тимот во исто време со него, но не ми се допадна, а тоа е и причината што никогаш не освоив медал и што се откажав минатата година. Но најчесто правам сè што прави и Тревис, не поради тоа што го имам генот за ризик, туку поради тоа што сум роден чукнат, живеам опасно, а тој ми е најдобар пријател. Не постои нешто што не би направил за него.

# *Емили*

Не е лесно да се биде сестра на еден од најпопуларните спортисти во Алабама. Не ме сфаќајте погрешно, не е дека сум љубоморна на целото внимание што го добива Тревис. Вистината е дека се губам во неговата сенка.

Многу рано открив дека девојчињата сакаа да ми бидат пријателки само за да му се доближат на Тревис - и поради тоа решив да не се дружам со повеќето од нив. Кој сака да го користат? Најмногу сакам да читам, па книгите ми се единствените пријатели. Тие се секогаш достапни, секогаш пријателски настроени, интересни и никогаш не ме тераат да бирам страни.

Мајка ми е медицинска сестра и најмногу ја сака ноќната смена, бидејќи наутро е дома кога јас и Тревис се подготвуваме за на училиште. Ни прави појадок, нè испраќа и откако ние ќе заминеме, таа легнува да одмори. Во четири попладнето, кога ние се враќаме од училиште, таа веќе е отидена на работа. Татко ми е сметководител и е задолжен за вечерата. Тој ни е шофер, навивач, гуру за домашната работа и понекогаш замена за мајка ми. И така е многу подобар готвач од неа.

Јас го сакам училиштето. Имам добри оцени. Ги сакам правилата. Не се двоумам како да изреагирам или што да направам. Господ има правила. Моите родители имаат правила. Училиштата, владата, општеството и сајтовите на интернет, сите имаат правила.

За мојот брат не постои правило кое тој не би го прекршил. Тревис не живее според никакви планови и ако го прашам зошто направил нешто, тој ќе се насмевне и ќе ми одговори, „А зошто да не?“

Тревис е шампион во нуркање. Татко ми вели дека е „сконцентриран“ на нуркањето. Јас мислам дека е фанатик за спортот. Троши премногу време на вежбање и натпреварување; немаше ни девојка за сериозно до минатата година кога почна да се гледа со Дарла Гибсон. Таа е една од шмизлите во гимназијата Роберт Е. Ли, но не во добра смисла. Нема баш добра репутација, но на Тревис тоа не му пречи. Мене ми е пуфкаста, како стапче со шеќерна волна или како тегла со крем од мачмелоу. Убава на изглед, плитка под површината, но може да ти се слоши ако „добиеш“ премногу од неа. Не можам да сфатам зошто му се допаѓа на Тревис - освен очигледните причини - но знам дека навистина му се допаѓа.

Потоа, тука е и Купер, доживотниот пријател на Тревис. Деновиве има хонорарна работа после часовите, но порано постојано се врткаше околу нашата куќа. Тој има права, црна коса, очи толку темни што изгледаат како да се црни и тетоважа со змија насликана околу горниот дел од неговата десна рака. Не сум го слушнала да зборува за неговото семејство и не можам да се сетам дека некогаш сум ги запознала. За ова мора да има причина, но не можам да ја разберам, па повеќе не се ни обидувам. Немам слушнато ништо ниту на училиште, Купер си ги чува работите за себе. Претпоставувам дека сите имаат тајни. Дури и јас! Еве една тајна: кога сум во негова близина, стомакот ми се превртува и внатрешноста ми се топи, но никогаш нема да му кажам, ни нему, ни на Тревис.

Купер, Тревис и Дарла ќе бидат трета година на есен, а јас ќе бидам прва, што значи дека тие ќе матурираат другата година, а јас ќе останам сама. Помалата сестра која стои надвор од светлото на рефлекторите кои го осветлуваат нејзиниот брат.

Првиот ден од летниот распуст, кога отидовме на езерото, си мислев дека сѐ беше супер. Воопшто не ми падна на памет да се сетам на тоа дека во животот нема правила.

# *Дарла*

„Цицки наместо мозок.“ Ете како зборува татко ми со мене. Така ме понижува. И неговите зборови понекогаш болат исто колку и неговите тупаници. Добро, не сум родена со голема количина од саканата сива материја - тој е член на она Менса здружение и мисли дека е препаметен за вистинскиот свет. И можеби не сум преплавена со неговата „паметна“ ДНК, но не знам зошто мора постојано да ми го плеска тоа в лице. Неговата злобна уста ја натера сестра ми Силија да си оди од дома веднаш по матурирањето, а и јас ќе го направам истото. Тој не е злобен со Кајла. Таа има десет години и веќе покажува нешто од брилијантноста на татко ми, што ја прави поприфатлива. Силија и јас никогаш не бевме доволно паметни.

Како тој да направил нешто од себе. Мајка ми има работа и таа е онаа која ја носи платата дома. Татко ми седи во неговата домашна канцеларија и пишува книги кои не се продаваат, што се разбира е вина на „глупавите уредници кои не можат да препознаат вистински талент“.

Јас сакам да бидам актерка - Дарла Гибсон, ѕвезда. Се разбира, многу девојчиња го кажуваат истото. Тие ги сакаат славата и богатството, сакаат да се видат на големото платно со луѓе кои ги обожуваат. Добри предности, но јас сакам повеќе од тоа. Сакам мојата работа да биде почитувана. Се заразив со глумата во прво одделение кога наставничката ми ја додели улогата на

домат во една мала претстава за здрава исхрана што таа ја имаше напишано.

Мајка ми дојде да ме гледа, но татко ми не можеше да се помачи. Тој рече: „Домат? Тоа е затоа што си дебела.“ Ова ме расплака.

Научив да го игнорирам. Во најголем дел од времето. Во последно време тој вели дека сум станала премногу „зборлеста“ и поради тоа често добивам ќотек, но подобро да ме тепа мене, отколку мајка ми. Понекогаш се истура и врз неа.

Кога бев во основно училиште станав малку подива и се здобив со репутација што ме следеше сè до средно кога го запознав Тревис. За некое чудо, тој е првиот тип кој ме сака поради мене самата, а не поради моето тело. Девојката знае кога некој ја искористува. Сум имала доволно искуство со такви момчиња. Но Тревис не е таков. Ние зборуваме за сè. Понекогаш сè што правиме е: седиме, се држиме за раце и зборуваме. Го сакам Тревис со целото срце.

Тој ми вели дека ќе бидам одлична актерка. Јас му кажувам дека некогаш ќе освои медал на Олимписките игри. Веруваме еден во друг. Нашите животи се совршени кога сме заедно. Немав поим дека животите ќе ни се сменат сè до денот на езерото.

# *Тревис*

Требало да се родам како риба. За мене H2O е совршеното соединение. Кога сум бил мал, можно е да сум бил единственото дете на планетата кое сакало да се бања! Но местото каде што најмногу се чувствувам како дома е под вода. Светот е тивок во длабоката, ладна вода; малку мистериозен. Мојот омилен супер херој е Аквамен, затоа што може да дише под вода. Порано мислев, *Уф, јас да имав шкрги немаше да излезам на површината - никогаш.*

Но јас не сум пливач, јас сум нуркач. Луѓето не разбираат дека пливачите и нуркачите се различни видови на луѓе. Пливачите ја сакаат површината на водата. Нуркачите сакаат да одат длабоко.

Отскочната штица порано ми беше специјалност. На средношколските средби, спортистите можат да се натпреваруваат само на штица. На клупските и факултетските натпреварувања е поразлично. Првиот пат кога се искачив на десетметарската платформа знаев дека го најдов моето место во спортот. И добар сум во тоа. Факултетски тренери ми се јавуваат од Флорида, Калифорнија, па дури и од училиштата од првата лига. Сите го сакаат момчето кое „скока бестрашно и изведува зашеметувачки салта, колути, твистови пред неговото распорувачко влегување во водата“ - според еден локален репортер. Морам да признаам, типот има право (скромноста е преценета). Вежбам со часови за да бидам најдобриот.

Па така, на првиот ден од распустот, јас, другар ми Купер, девојка ми Дарла и мојата помала сестра, се упатуваме кон езерото Мартин во Алабама, каде што можеме да пловиме околу малите острови во чамецот на татко ми со неговиот опасен, огромен мотор.

Го запирам моторот додека наближуваме кон Чимни Рок, највисокиот и најстрашниот од сите природни карпести острови. Водата тука е длабока сто и педесет метри. Го насочувам клунот на чамецот кон каменестата плажа која е најблиску до карпата.

„Што правиш?“ прашува Емили. „Мислев дека ќе скијаме на вода и ќе имаме пикник.“

„Тоа и го правиме. Зошто да не јадеме тука?“

Таа погледнува кон Чимни Рок. Дарла и Купер го следат нејзиниот поглед.

„Кажи ми дека нема да одиш горе за да скокаш“, вели Купер.

„Нема да скокам.“ Скокам во водата до половината и го влечам чамецот за јажето накај празната плажа.

„Тревис...“ во гласот на Емили има предупредувачка нота.

„Ќе нуркам.“

Дарла писка.

„Не, нема!“ извикува Емили. „Има деца кои загинале скокајќи од таа карпа!“ Таа погледнува кон Купер. „Сопри го.“

„Кога сум можел *јас* да го сопрам брат ти да направи што било?“

„Тато ќе те убие!“ вели Емили, нејзиното лице преплавено со паника.

„Ако тоа не го направи падот“, додава Купер.

„Кој ќе му каже?“ прашувам.

Дарла дотрчува и ме грабнува за рака. „Сигурен ли си, Тревис? Многу е високо.“

„Затоа и ве оставам вас тројцата тука на плажата со

храната додека јас се качувам.“ Погледнувам накај Емили. „Можеш да ги затвориш очите ако сакаш.“

Емили ги прекрстува рацете и ме стрела со нејзиниот поглед.

„Нуркачите постојано го прават ова од карпите во Мексико, па скокаат дури и од повисоки“, ја потсетувам. „Освен тоа, нема да ми биде првпат.“

„Кога си скокнал од оваа карпа?“

„Минатото лето, само јас и Куп.“

Купер ги крева рацете, „Јас само гледав.“

„Двајцата сте многу глупави!“ се дере Емили. Јас се смеам, но нејзините зборови го пресекуваат Купер. Мислам дека му се допаѓа сестра ми.

Глупчо.

За тоа време, чамецот веќе е врзан, а другите се врткаат на брегот. Купер го фрла ладилникот на сува земја. Дарла изгледа загрижено, но ми верува. Ја бакнувам. „Ќе биде во ред. Тешкиот дел е качувањето. Патот надолу завршува за секунда. Само чувајте ми малку храна.“

Заминувам кон задната страна на карпата, знаејќи дека ме чека долго искачување. Сепак сум возбуден. Се потам додека да стигнам до врвот и десната нога ме боли. Ме боли многу во последно време, но ја игнорирам, како што ја игнорирам секогаш. Тренерот Дејвис не сака да ги слуша атлетите како кукаат и се жалат.

Куцам до работ од каде што ѝ мавтам на мојата публика. Изгледаат прилично мали од толку високо. На врвот на големата карпа, зјапам во хоризонтот каде што езерото се сретнува со небото и ги гледам бродовите кои брмчат наоколу и изгледаат како играчки на навивање.

Денот е совршен, топол и јасен. Сè е сонце, небо и сина вода.

Срцето ми бие како лудо и се чувствувам како низ телото да ми поминува струја.

Правам стратегија за нуркањето, одлучувам да не бидам вообразен. Ќе скокнам во позиција *копје*, ќе влезам во водата вертикално и чисто.

Скокам и во истиот момент слушам како ми пука коската во ногата, пред да ја почувствувам болката која ме следи по целиот пат до долу, сѐ до длабоката, темна вода.

# *Емили*

Слушаме дека Тревис болно извикува во моментот кога паѓа во езерото. Неговите раце плескаат по водата и мислам дека се дави. Купер веднаш влегува во водата, трча како луд, плива како торпедо накај Тревис и го зграпчува под пазувите. Јас одеднаш се освестувам и трчам натаму. Заедно со Дарла ги пресретнуваме на половина пат до плажата, но Купер ни мавта да се тргнеме од пред нив. „Чекајте да го извадам надвор.“

„Не“, вели Тревис низ стегнати заби. „Ногата. Не можам да стојам. Ме боли. Ох, човече, страшно ме боли.“

„Земете го чамецот“, вели Купер, па јас и Дарла брзо се враќаме назад, го грабаме јажето и го влечеме кон подлабоката вода.

Купер зема едно помагало за пливање, го става под ногата на Тревис како потпора и пресекува еден дел од јажето на чамецот за да го врзе и прицврсти. Ние го држиме Тревис на површината на водата додека тој работи.

Дарла не може да престане да плаче. И јас плачам заедно со неа, а кога конечно наоѓам сила за да прозборам, прашувам: „Што се случи? Се удри ли во нешто? Во некоја карпа? Во камен?“

„Не знам“, одговара Тревис со стенкање и офкање. Едвај зборува. „Нешто ми се случи кога скокнав. Во бутот.“

Забележувам дека под кожата во близина на неговиот бут има испакнатина, а самата кожа почнала да помодрува. Желудникот ми се стега и крева. „Изгледа како скршено. Мислам дека има аспирин во...“

„Тоа нема да го реши проблемот, сестричке.“ Тој е бел и блед како млеко.

Јас треперам и се тресам, а Дарла се качува во чамецот за да помогне, но нема поим како може да биде од корист и упорно го преколнува Купер да ѝ каже што да направи. Мобилните телефони ги оставивме во автомобилот на пристаништето затоа што знаевме дека и така не работат и немаат сигнал тука. Купер вели дека немаме како да повикаме помош, ниту пак можеме да го оставиме Тревис овде за да одиме да бараме помош. Мораме да го качиме во чамецот и да го однесеме до пристаништето.

Купер ги става рацете под телото на Тревис во водата. Тој предупредува: „Ова ќе боли.“ Ми вели да се качам во чамецот и задно со Дарла да ги искористиме нашите тежини за да го накосиме на едната страна што е можно повеќе без да почне да пушта вода внатре. Ги следиме неговите наредби и двете застануваме на самиот крај од чамецот, а малата структура се накосува настрана. Со неверојатна сила, Купер го крева Тревис и го префрла преку ниската ограда. Тревис прави гримаси и се воздржува од врескање додека неговото тело се лизга по страничниот дел од чамецот и влегува внатре. Кога завршува со Тревис, Купер го оддалечува чамецот од брегот, скока внатре и го пали моторот.

Дарла се сместува покрај Тревис, ја става неговата глава во својот скут за да не лежи на дрвениот под на чамецот и додека мојот брат вреска од болки, ние се упатуваме кон пристаништето.

Се јавувам и ѝ кажувам на мајка ми за несреќата, а таа испанично ми вели дека заедно со татко ми ќе нè чекаат во болницата. Купер го сместува Тревис на задното седиште во неговиот стар автомобил, а Дарла седнува на подот покрај главата на Тревис. Јас брзо

седнувам на предното седиште. Купер ги надминува сите ограничувања на брзината додека го носиме Тревис накај болницата.

Тоа што нашата мајка е медицинска сестра ни ги олеснува работите, па по само неколку секунди од пристигнувањето во болницата, Тревис е сместен на носилка и заминува кон една од собите заедно со мајка ми и татко ми. Ние останатите остануваме во чекалната.

Откако најстрашниот дел завршува, моите колена страшно почнуваат да се тресат.

Купер ме фаќа за рака со цел да ме смири. „Добра си?“

„Не.“

Ме носи кон една столица. Чекалната е мрачна и ладна, а нашите костими за капење сѐ уште се влажни. Среќа што имавме маици во автомобилот, инаку ќе требаше да седиме во чекалната во бикини и воопшто не се сомневам дека секое око во просторијата ќе беше вперено во големите гради на Дарла. Ја гушкам старата маица на брат ми за да ја залепам повеќе до кожата, посакувајќи да имав да облечам нешто и надолу за да ги покријам нозете.

„Сакаш Кока Кола?“ прашува Дарла. „Мислам дека има апарат за сокови во ходникот. Емили? Ќе одам да ти донесам. Ако сакаш.“

„Може.“

„Што се случи? Што мислиш?“ прашува Купер.

Не знам што да му одговорам, па само затресувам со главата.

„И колку време ќе им треба за да ни кажат нешто?“

„Не знам.“ Одеднаш погледнувам нагоре, почнува да ме јаде совест. „Треба да се молиме.“

„Што?“

„Треба да се молиме и да побараме од Господ да му помогне, да го исцели.“

Црните очи на Купер сериозно зјапаат во мене. Тој вели: „Жал ми е, јас не верувам во Господ."

Никогаш претходно не сум слушнала некој да го каже ова на глас. Кога растеш на југ, верувањето во Бога ти е впишано во ДНК-та. Ние се молиме пред фудбалски натпревари, пред почетокот на нова школска година, секогаш кога ќе се случи нешто што е надвор од наша контрола. Јас и Тревис одиме во црква уште од градинка, па изјавата на Купер ме шокира. „Но Господ постои", велам.

„Не за мене."

Дарла се враќа со мојата Кока Кола. „Што е проблемот?"

„Емили сака да се молиме за Тревис, а јас не верувам во Господ."

„Јас верувам во Господ", вели Дарла.

„Е па добро", вели Купер. „Тогаш молете се вие две." Пред да успеам да кажам што било, Купер додава: „Чекајте малку. Еве ги твоите."

Ѝ се фрлам на мајка ми во раце. „Како е?"

„Ногата му е скршена... бутната коска, во близина на карлицата."

„Можат ли да ја средат?" се вмешува Дарла.

„Сакаат прво да го сместат овде."

„Не може едноставно да му ја наместат и да го пуштат дома?" прашувам јас.

„Не можат да му ја наместат коската додека не спадне отокот", објаснува татко ми.

Потоа мајка ми, некако претпазливо, додава: „Сакаат да направат неколку тестови."

„Какви тестови?"

„Ќе разговараме дома. Сега е најважно да го сместиме овде."

„Што можеме да направиме ние, госпоѓо Морисон?" прашува Купер.

„Одете дома. Однеси ја и Емили..."

„Те молам дозволи ми да останам", велам јас брзо. „Јас... сакам да го видам Тревис."

„Полугола си", ме потсетува мајка ми.

Татко ми застанува меѓу нас. „Јас ќе ја однесам до дома да се пресоблече, а потоа заедно ќе се вратиме тука."

Не сакам да си одам, но мајка ми е онаа која ги диктира правилата.

„И јас сакам да го видам", вели Дарла, а јас забележувам дека и таа изгледа исплашено како и јас.

„Утре." Мајка ми ја погалува по раката.

„Јас ќе се погрижам за чамецот", вели Купер.

Дури тогаш ми текнува на нашиот чамец кој го оставивме на брегот во близина на пристаништето. Фрижидерчето со храна и пијалак остана фрлено на плажата.

„Фала многу", вели татко ми.

Купер веќе оди накај излезот кога Дарла се стрчува по него. „Чекај ме!"

Кога тие заминуваат, мајка ми се упатува кон лифтовите.

„Ајде да одиме, душо." Татко ми ја става раката околу моите раменици.

Во мојата глава има стотици прашања. Но не поставувам ниту едно од нив. Што и да му се случи на Тревис... сигурна сум дека станува збор за нешто повеќе од обична скршена коска. Премногу долго сум дете на медицинска сестра и не можам да не го донесам овој заклучок.